# *Проектни активности на Здружението за унапредување на меѓусебна доверба ТАКТ за 2020-та година*

1. **Проект:** Национален фитнес ден

**Датум на имплементирање: 01.01.2020- 31.12.2021**

***Опис на проектот***

Двегодишниот проект „Национален фитнес ден “, започна со реализација во  2020-та година. Активностите во рамките на овој проект опфаќаа семинар и организација на настан односно обележување на денот на активноста.  Истовремено, беше креирана кампања за подигнување на свеста за значајноста на активниот живот.

**Поддршка:** EuropeActive



TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST






2. **Проект:**,, Да бидеме рамноправни, да бидеме фер''
**Датум на имплементирање: 01.10.2019-31.03.2020**
***Опис на проектот***
Целта на проектот „Да бидеме рамноправни, да бидеме фер“ е да се се промовира спортот како алатка за зајакнување на младите девојки и социјална инклузија на младите од маргинализирани заедници. Преку спортски активности младите ќе ги развиваат своите лидерски капацитети и ќе ги надградат животните вештини.
Преку овој проект се организирани неколку вебинари, работилници и обуки на тренери.
**Подршка**: British Embassy Skopje







3. **Проект:** Вклучување на Роми преку спортот во Европа
   **Датум на имплементирање: 01.01.2020-30.06.2021**
   ***Опис на проектот***
   Целите на проектот се подигување на свеста за важноста на физичката активност за подобрување на здравјето преку иновативна меѓусекторска соработка; зајакнување и градење капацитети на спортските клубови, младинските организации, граѓански организации чија цел е развивање и испорачување активности засновани на спортот, а кои таргетираат сиромашно население, особено млади Роми.
   ТАКТ е дел од новата платформа за интеграција на бегалците преку спорт (IRTS) во која членуваат повеќе од 60тина организации ширум Европа и Западен Балкан.Една од активностите на оваа платформа е и менторска поддршка за сите лица и организации кои сакаат да научат повеќе на оваа тема. Менторите се со големо искуство и експертиза и доаѓаат од спортски и граѓански организации кои подолго време имплементираат активности и придонесуваат кон креирање на политики релевантни за успешна интеграција на бегалци. Исто така, во рамките на овој проект ќе се обучат тренери, младински лидери и вработени во невладини организации со неопходното знаење за реализирање на интервенции засновани на спорт, наменети за сиромашни целни групи, како што се младите Роми.
   **Подршка:** Еразмус +.



4. **Проект**: Спорт за Сите
**Датум на имплементирање: 15.05.2020-15.12.2020**
***Опис на проектот***
ТАКТ заедно со локалната мрежа за Спорт за Развој во Крива Паланка и Општина Карпош заедно го реализираше проектот „Спорт за Сите“ чија цел беше подобрување на социјалното вклучување на маргинализираните млади во Крива Паланка и Карпош преку зголемување на нивниот пристап до спортски објекти во градовите.
Проектот создаде одржлива база на обучувачи, ментори, млади лидери кои го искористија своето знаење и го инкорпорираа во нивните училишта, клубови и младински центри. Урбаните спортски места за социјално вклучување ги заживеаја заборавените спортски структури кои ќе се трансформираат во одржливи спортски локации за сите млади во градот. Овој проект ја нагласи моќта на спортот како алатка за трансформирање на заедниците и на луѓето на подобро. Исто така беше организиран спортски летен камп во Михајлово.
**Поддршка:** Германското Друштво за интернационална соработка (GIZ)










5. **Проект:** Развој на Авантуристички туризам и млади

**Датум на имплементирање: 01.01.2020-07.01.2020**

***Опис на проектот***

Основната цел што овој проект треба да ја постигне е да ја зголеми понудата на авантуристички туризам и ангажирање на млади за зголемување на вработеноста кај младите со специфични цели како:зајакнување на регионалниот, културниот и природниот развој, преку туризам со спојување на заедничките интереси; културен плурализам и зачувување на природното наследство (национални паркови) за негување на култура на одговорна младина која ќе го промовира туризмот; младинска иновација и диверзификација за одржливост преку младински центри; зајакнување на локалната заедница; и употреба на млади занаетчии во индустријата за развој на туризмот.

Со овој проект акцентот го ставаме на младите во Маврово и развој на нивните капацитети за креирање бизнис планови за авантуристички спортови и туризам. Успеавме да креираме група на тренери кои се полни со ентузијазам и спремни да го пренесат своето знаење. Во подготовката на оваа работилница помогна и локалното партнерство за развој на авантуристички туризам од Маврово.

**Поддржан** : Ambassade de France à Skopje





6. **Проект:** Градиме мостови преку грас-рут спортска диоломатија

**Датум на имплементирање: 01.09.2020 – 31.05.2020**

***Опис на проектот***

Проектот ќе овозможи усвојување на стратешки пристап кон спортската дипломатија и ќе обезбеди докази за случаи кога спортот игра важна улога во засилување на клучните дипломатски пораки на ЕУ,придонесувајќи кон зајакнување на дипломатските односи со трети земји. Проектот испитува каква улога игра спортот во борбата против насилството, расизмот, дискриминацијата и нетолеранцијата, поттикнување на социјалната инклузија и еднакви можности во спортот; подобрување на доброто управување во спортот, поттикнување на учеството во спортот и промовирање на доброволна активност во спортот.

Заедно со нашиот партнер Πράσινες Διαδρομές ΚοινΣΕπ Greenways Social Cooperative Enterprise и со поддршка од Општина Ресен ќе го промовираме спортот како алатка за зближување и размена на знаење и искуства помеѓу младите од Преспанскиот регионот од двете земји.Спортската дипломатија игра важна улога во поттикнување на дијалог, градење на партнерства и соработка како и зајакнување на младите од различни региони и држави.

**Подржан:** U.S. Embassy North Macedonia.

## *Меморандуми и нови партнерства:*

### *Меморандум за соработка помеѓу ТАКТ и Општина Карпош*

Извршната директорка на ТАКТ Магдалена Спасовска и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев потпишаа меморандум за соработка со цел промоција на спорт за социјална инклузија и спорт за развој во општината. Во рамките на проектот поддржан од GIZ North Macedonia се креираше локално партнерство за спорт за развој кое ќе работи интензивно на едукација и креирање прилики за младите од маргинализирани средини. Спорт за сите значи можности за сите!



TOGETHER ADVANCING COMMON TRUST

***Продукти***

Во 2020  ТАКТ го  издаде прирачникот кој  беше  дел од проектот ,,Спорт за сите'' поддржан од GIZ North Macedonia.

Прирачникот  беше издадена на македонски јазик.

